**Пријавување (Предупредување на неправилност)**

Од сите наши вработени и деловни партнери очекуваме целосно да се однесуваат во согласност со стандардите за однесување опишани во нашиот Кодекс на однесување. Ако се сомневате дека е извршено прекршување на законот или на нашиот Кодекс на однесување, сакаме истото да го пријавите.

Нашиот Кодекс на однесување е достапен на интранет и на веб-страницата www.imperialbrandsplc.com. Прашањата во врска со Кодексот на однесување испраќајте ги на Governance.Team@uk.imptob.com

**Има неколку начини на коишто можете да ја изразите вашата загриженост:**

**1. Да пријавите на локално ниво**

Ако не ви е непријатно, изразете ја вашата загриженост кај вашиот раководител или кај вашиот локален тим за човечки ресурси. Ние имаме постапки за да се осигуриме дека сите грижи се обработуваат конзистентно низ бизнисот.

**2. Да пријавите кај нашите извршни директори**

Ако ви е непријатно да ја изразите вашата загриженост на локално ниво, или ако веќе сте ја изразиле истата на локално ниво и сметате дека одговорот што сте го добиле не е доволен, во тој случај можете да контактирате некое од лицата наведени подолу:

- Секретарката на претпријатието,
- Контролорот на финансиите на групацијата
- Директорот на групацијата за човечки ресурси.

Јавете се на: +44 (0)117 963 6636 и кажете дека се работи за предупредување на неправилност.

Можете да ја изразите вашата загриженост и по писмен пат, но ќе треба да ни кажете како да ве контактираме. Писмото може да го испратите на:

| | |
|---|---|
| The Company Secretary,<br>121 Winterstoke Road,<br>Bristol BS3 2LL, United Kingdom<br>Ознака: **'Personal'** | Факс: +44 (0)117 966 7859<br>Е-пошта: whistle.blowing@uk.imptob.com. |

**3. Да пријавите преку надворешниот контакт центар на Expolink**

Иста така, вашата загриженост можете да ја изразите во секој момент преку потполно независната услуга што ја овозможува Expolink, којашто можете да ја контактирате преку телефон, е-пошта или преку веб-страницата. Expolink ќе се погрижи брзо да ги извести вистинските луѓе за вашата загриженост:

- Контакт центарот на Expolink работи 24 часа на ден, 7 дена во неделата (освен на 25 декември). Телефонскиот број на контакт центарот е различен за секоја земја. Ако не го знаете бројот, проверете на локалните огласни табли или посетете ја веб-страницата www.expolink.co.uk, www.imperialbrandsplc.com или интранетот на групацијата
- Пријавите може да се испратат преку е-пошта до Expolink на imperialtobacco@expolink.co.uk
- Електронските пријави може да се достават преку веб-страницата на Expolink www.expolink.co.uk, шифра за пристап: „imperialtobacco".

**Што ви гарантираме**

Ние ќе ја чуваме вашата загриженост во тајност во рамките на можностите. Сепак, со цел спроведување соодветна истрага, можеби ќе треба да откриеме некои информации.

Можете да одлучите пријавата да ја поднесете анонимно, ако е тоа дозволено со закон на земјата во којашто работите.

Ние не толерираме одмазда против поединец кој открива постоечко или сомневано прекршување на кодексот или ни помага во истрагата. Сепак, злонамерното изразување на загриженост може да доведе до преземање дисциплински активности.